Отворен е конкурс за **испорачатели на услуги за подготовка на апликации за ЕУ и други фондови** во рамки на проектот **Пристап на Ромите до Фондови** (ПРФ) Македонија, кој се спроведува од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Иницијатива за социјална промена (ИнСоК), како дел од програмата „Да се направи максимум со фондовите на ЕУ за Ромите“ (МтМ) на Фондацијата Институт Отворено Општество, Будимпешта. Ангажманот на **испорачателите на услуги** во Македонија е за период од 12 месеци, при што бројот на денови на ангажман ќе се договара врз основа на контекстот/потребите и покажаниот успех во работата на испорачателите. Целта на ангажманот е работа со „корисници“ за **развој на предлог проекти во корист на Ромите за финансирање од ЕУ и други фондови**. Под „корисници“ во ПРФ се подразбираат организации кои конкурираат со проекти за ЕУ и други фондови независно или во партнерство, вклучително централни и/или локални институции, јавни услужни организации, формални и/или неформални организации на граѓанското општество (особено ромски), меѓународни организации и приватни претпријатија.

Од избраните кандидати се очекуваат следните резултати:

- најмалку 3 целосно развиени и аплицирани проекти (работени заедно со корисниците)
- најмалку 10 успешно обучени корисници за подготовка на предлог проекти за финансирање од ЕУ и други фондови (преку обука низ работа за време на подготовката на апликациите)

Кандидатите за испорачатели на услуги треба да ги исполнуваат следните **барања**:

- докажано искуство во подготовка на **апликации за ЕУ и други фондови (најмалку 1 целосно подготвена апликација за ЕУ и/или други фондови)**;
- универзитетско образование, препорачливо во соодветна област, како управување, јавна администрација, итн; кандидати со пониско образование можат да бидат земени во предвид доколку имаат докажно соодветно искуство од најмалку 5 години;
- напредно познавање и вештини за проектно управување и најмалку 3 години докажано искуство во проектно управување (вклучително планирање, спроведување,

управување и набљудување);

- напредно познавање на македонски и англиски јазик; познавање на други локални јазици ќе се смета за предност;
- знаење и разбирање на состојбата на ромската заедница, политиките насочени кон Ромите, други соодветни јавни политики, како и процесот на пристап кон ЕУ; познавање од ЕУ финансирање ќе се смета за предност;
- предност ќе биде дадена на кандидатите кои припаѓаат на ранливи групи, вклучително Роми, жени, итн.

Заинтересираните кандидати треба да доставаат **работна биографија во формат на ЕУ и мотивационо писмо од една страница**
(двата документи на англиски јазик и со вклучени контакт информации) најдоцна до
**10 март 2014**
по електронска пошта на следната адреса:
insoc@insoc.org.mk
. Селекцијата на кандидатите се состои од два дела: 1) врз основа на доставени документи успешните кандидати ќе бидат поканети да изработат задача; 2) врз основа квалитетот на завршената задача ќе биде направен конечен избор. Успешните кандидати ќе бидат информирани најдоцна до 31 март 2014 г.